Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014 и 113/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 6 август 2014 година, донесе

# О Д Л У К А
## за организирање на дежурства во приватните здравствени установи - аптеки

### Член 1

Заради обезбедување на континуирана здравствена заштита за осигурените лица ноќе, сабота, недела и државни празници, приватните здравствени установи - аптеки кои имаат склучен договор со ФЗОМ се задолжуваат да организираат дежурства.

Дежурствата се спроведуваат во просториите на аптеката, која согласно Листа на дежурства е определена во соодветниот ден да го спроведе дежурството.

За организираните месечни дежурства аптеките од територијата на определена подрачна служба на Фондот изготвуваат Листа на дежурства за секој месец и за секој ден од месецот, во тековниот месец за следниот месец, според Образец ДА кој е во прилог на оваа одлука.

### Член 2

Дежурствата во аптеките се организираат на територијата на Република Македонија, а се спроведуваат на следниот начин:

- во градовите Скопје, Битола, Куманово, Прилеп, Тетово, Охрид, Струмица, Велес, Штип и Гостивар, аптеките дежурствата ги спроведуваат континуирано во просториите на аптеката,
- во градот Струга континуираните дежурства во аптеките се спроведуваат во периодот од месец јуни до месец август во годината, а останатиот период од годината дежурствата се спроведуваат во аптеката по телефонски повик.

### Член 3

Во градовите односно населените места кои не се опфатени во членот 2 од оваа Одлука, дежурствата се спроведуваат по телефонски повик.

Лицето определено за дежурство во аптеката, по телефонски повик издава лекови на осигурено лице во просториите на аптеката.

### Член 4

Здравствените установи - аптеки од член 2 и член 3 на оваа Одлука, до Подрачната служба на Фондот, Фармацевтската Комора на Македонија и дежурната служба на здравствениот дом, редовно ја доставуваат изготвената Листа на дежурни аптеки согласно членот 1 став 3 на оваа одлука.

Листата на дежурни аптеки се истакнува на веб страницата на Фондот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 септември 2014 година.

Со денот на почетокот на примената на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за организирање на дежурства во приватните здравствени установи – аптеки број 02-22422/5 донесена од Управниот одбор на 7 декември 2012 година.

**Број:** 02-13386/1
08-08-2014 **2014 година**
**Скопје**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Заменик на претседателот,**
**Ангел Митевски**

Изготвил: Кристина Тосевска
Контролирал: Христо Трповски
Согласен: Кристина Христова

Одобрил, директор: М-р Маја Парнарџиева Змејкова
Џемали Мехази, Xhemali Mehazi

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

ФЗОМ - Образец ДА

## Листа на дежурни аптеки за месец ____ година ____

| Реден број | Град/ Населено место | Назив на здравствената установа аптека - организациона единица | Датум на спроведување на дежурството | Телефонски број за контакт | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Напомена: Овој Образец може да се прилагодува според податоците за аптеките